

# ЖЕНАТА
# ВО ЛИКОВНИТЕ ДЕЛА
# СО ЕТНОМОТИВИ

НАРОДЕН МУЗЕЈ — КУМАНОВО

Главен и одговорен уредник:
МИОДРАГ АРСОВСКИ, директор на Музејот

Концепција за изложбата и текст:
СЛАВИЦА МИТЕВСКА, кустос

Стручен соработник:
ТРПА РОГАНОВИЌ, кустос — историчар на уметноста
во Музејот на Македонија

---

Печати: Печатница „ПРОСВЕТА“ — Куманово

Веќе три години по ред, етнолошкото одделение при Народниот музеј од Куманово, во чест на Денот на жената 8 Март, пред пошироката јавност се претставува со изложби посветени на жената. И оваа година етнолошкото одделение има во програмата една таква изложба но овојпат од областа на ликовната уметност. Наслов и тема на изложбата е „Жената во ликовните дела со етномотиви". Ваква изложба досега не е презентирана во нашата средина, така што ова е првпат јавноста да се сретне со ваква ликовна тематика.

*

* *

Во своето големо културно богатство, македонскиот народ негувал една многу значајна културна творба — ликовната уметност. Таа е плод на богатиот творечки дух и уметничка надареност на македонските ликовни уметници, создавана во различни културни, економски и социјални услови. Иако академски образование, тие во своето уметничко изразување често поаѓале од традиционалното, етнофолклорното и роднокрајното.

Барајќи теми и мотиви за своето творештво, овие автори најчесто биле инспирирани со народниот живот, со македонската селска и градска средина, со народната архитектура и со духовната култура на македонскиот народ и народностите, но каде многу често женскиот лик добивал значајно место. Ваквите теми и мотиви земени од народниот живот, застапени се кај уметниците од сите генерации на македонското современо сликарство· Пандилов, Мартиноски, Личеноски, Коџоман, Белогаски, Ефтимова, Темкова и др.

Жената како тематска определба речиси кај сите нив е нивна заедничка инспирација или пак целосна тематска преокупација која уметнички и стилски е индивидуално изразена. Затоа и мотив за оваа изложба е жената која заслужува достојно место во ликовните дела: жената како вечен предизвик за љубовта, жената — симбол на нежност и убавина, жената — чувар на домашното огниште и семејството, жената — носител на традиционалното и фолклорното. Сепак нејзината највредна особина е мајчинството, кое со доста нежност и чувство е пренесено на сликарските платна.

Освен со својата природна определеност за мајчинство, жената во ликовните дела е застапена како стопанка и домаќинка — столб околу кој цврсто е врзано семејството. Затоа чест мотив во ликовните дела е жената претставена како земјоделка или како вреден работник.

Особина која кај жената е често изразена е нејзината раковорност. Ликовниот уметник не останал рамнодушен ни кон оваа нејзина природна надареност, за што сведочат голем број дела насликани со моменти од женското уметничко творење.

Како резултат на женската ракотворност која е и главен носител на фолклорот и традицијата на еден народ е народната носија, декоративно и колористички предадена со сите нејзини карактеристики.

Вечно инспириран од ликот на жената, ликовниот уметник не затаил ни кога е во прашање женскиот портрет. Насликана со нејзините внатрешни особини, верно и со многу чувство пренесени на платното: горделива, верна домаќинка на домот, патријархална невеста во новиот дом или ведра Циганка полна со темперамент.

Следејќи ги делата поставени на изложбата, може да се согледа тематската насоченост и афинитетот на секој автор поединечно. Така, на пример, Пандилов преку женската активност ги прикажува селско-стопанските дејности. Личеноски ги слика етничките особености на своите земјаци и родниот Галичник. Мартиноски своите дела ги посветил на крушевскиот амбиент и ентериер, на претстави на девојки во градска и селска носија, на мајки — доилки, но најпрепознатлив е со мотивите земени од циганската средина.

Сликите што Белогаски ги остварил најчесто се инспирирани со детали од македонското поднебје и домашните ентериери. И Темкова е со интерес за роднокрајното, за портретното сликарство, а во последниот период и за народната архитектура.

Митриќески својата трајна преокупација ја изразува преку човековата фигура, во овој случај инспириран со ликот на жената. Кон него можеме да ја приклучиме и скулпторката Борка Аврамовска.

Уште голем број македонски сликари меѓу кои Ефтимова, Лазески, Мазев, Корубин и многу други го следеле примерот на постарите генерации сликари. Од целокупното нивно творештво можат да се издвојат дела инспирирани со теми од етнофолклорот, односно лица насликани во народни носии, моменти од сел ко-стопанските дејности, народната архитектура и сл.

Голем број од помладите генерации сликари се појавуваат со дела во кои е застапена етнолошка или фолклорна тематика, но изразена со современ ликовен јазик.

Уште еднаш би истакнала дека македонските ликовни уметници покрај своите уметнички и стилски определби, не го напуштиле етнофолклорот како инспирација за нивното творештво во кое централно место многу често ѝ припаѓа на жената.

Славица Митевска

Димитар Пандилов — АВРАМОВСКИ

1. Невести на чешма, 1926
масло/платно, 44 x 34 (Музеј на Македонија — Скопје)
2. Чепкање на волна, 1946
акварел, 31 x 44 (М М — Скопје)
3. Работничка во народна носија, 1946
масло/платно, 83 x 63 (МСУ Скопје)

Лазар ЛИЧЕНОСКИ

4. Галичанка, 1946
масло/платно, 41 x 32 (ММ — Скопје)

Никола МАРТИНОСКИ

5. Крушевска гостинска соба — визита, 1954
масло/платно, 84 x 127 (ММ — Скопје)
6. Две селанки од Крушево, 1956
масло/платно, 83 x 75,5 (ММ — Скопје)

Катја ЕФТИМОВА

7. Жетварки од Преспа, 1980
масло/палтно, 35 x 50 (ММ — Скопје)
8. Оро — Три невести тетовчанки, 1952
масло/платно, 64 x 94 (ММ — Скопје)

Борко ЛАЗЕСКИ

9. Плетачка, 1952
масло/картон, 52,5 x 38,5 (ММ — Скопје)

Миле КОРУБИН

10. Мавровка,
масло/платно, 69 x 99, (ММ — Скопје)

Јосиф ТРАЈКОВСКИ

11. Берачки на овоштие, 1980
масло/платно, 108 x 45, (ММ — Скопје)

Јован ПЕТРОВ

12. Мотање на калеми, 1964
масло/платно, 44 x 54, (ММ — Скопје)

Ана ТЕМКОВА

13. Дама со ветрилo, 1968
масло/платно, 150 x 118, (МСУ — Скопје)

Марија ДАНОВА

14. Афизе,
масло/платно, 80 x 60, (ММ — Скопје)

Борка АВРАМОВСКА

15. Каракачанка, 1954
гипс, 42 x 48 x 100, (ММ — Скопје)

Боро МИТРИЌЕСКИ

16. Берачка на тутун, 1975
мермер, 45 x 20 x 35, (авторот)

Кирил КАРАЏА

17. Жетварки,
масло/платно, 59 x 80, (Народен музеј — Куманово)

Трајко МУФТИНСКИ

18. Мотив од село,
масло/платно, 77 x 53, (НМ — Куманово)

Името во заградата ја идницира сопственоста на делото.

Изложбата се организира по повод Денот на жената — 8 Март. Отварање на 7. III. 1986 во 12 часот во Уметничката галерија — Куманово.